УДК 902

ISSN 2545-4528 (печатено)
ISSN 2545-4536 (електронски)

археолошки ИНФОРМАТОР

стручно списание од областа на археологијата

број 1

Археол. Инф. бр. 1, Прилеп, (2017) : 1 - 195.

Издавач
ЗГ МЕНЕЛАЈ - Прилеп

Уреднички одбор

(главен уредник)
Елица МАНЕВА
Филозофски факултет - Универзитет св. Кирил и Методиј - Скопје

(членови)
Бошко Ангеловски
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп

Зоран Рујак
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица

Орданче Петров
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп

Александар Мургоски
ЗГ Менелај - Прилеп

Технички уредник и компјутерска обработка:
Орданче Петров, Александар Мургоски

лектор на македонски
Виолета Крстеска

превод на англиски
Марија Цветковска

тираж
100

достапно на
www.informator.com.mk

адреса на редакција: ул. Павел Шатев, 34 - Прилеп, Р Македонија
интернет страна www.menelaj.mk, www.informator.com.mk
електронска пошта: arheoloski@informator.com.mk

Овој број на Списанието е финансиски помогнато од Годишната програма на Министерството за култура на Република Македонија за 2017 година.

UDK 902

ISSN 2545-4528 (print)
ISSN 2545-4536 (online)

arheološki INFORMATOR

Academic Journal of Archaeology

volume 1

Archaeol. Inf. vol. 1, Prilep, (2017) : 1 - 195.

Publisher
NGO MENELAJ - PRILEP

Editorial Board

(Editor-in-chief)
Elica Maneva
Faculty of Philosophy - University of sts. Cyril and Methodius - Skopje

(editors)
Boško Angelovski
PRI Institute of Old Slavic Culture - Prilep

Zoran Rujak
NI Institute for Protection of Monuments of Culture and Museum - Strumica

Ordanče Petrov
PRI Institute of Old Slavic Culture - Prilep

Aleksandar Murgoski
NGO Menelaj - Prilep

Technical editor and computer layout
Ordance Petrov, Aleksandar Murgoski

Macedonian proofreading
Violeta Krsteska

Translation in English
Marija Cvetskovska

copies
100

available on
www.informator.com.mk

redaction adress: Pavel Satev, 34 - Prilep, Republic of Macedonia
web-site: www.menelaj.mk, www.informator.com.mk
e-mail: arheoloski@informator.com.mk

This volume of the Journal is financially supported by the Annual program of the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia for 2017

СОДРЖИНА

Предговор 7

археолошки ископувања

ТРЕШТЕНА СТЕНА, с. МАНАСТИР 9
А. Миткоски

ВРБНИК ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО 17
В. Тодоровска

„НА МАНАСТИР“ с. ГАБРЕВЦИ 23
Т. Нацев и Секул В.

СТИБЕРА, с. ЧЕПИГОВО 29
објект работилница и светилиште
Д. Темелкоски

СТИБЕРА, с. ЧЕПИГОВО 39
објект Булевтерион
Д. Темелкоски

„ДРМА – БАДЕР“ 47
Б. Ангеловски, Д. Спасова, И. Стенчевски и Денковски К.

БЕЛАТА ЗЕМЈА – ТРНЧЕ 53
Д. Герасимовска, С. Карпузова и Петров О.

ГРАДИШТЕ, с. ДЕБРЕШТЕ 61
Б. Атанасоски

ЦРКВИШТЕ, с. КОРЕШНИЦА 71
О. Петров

ЦАРЕВИ КУЛИ - СТРУМИЦА 79
Д. Цветанов

ЕМИНБЕГОВАТА КУЛА, КРАТОВО 85
С. Ивановска Велкоска

ПЕШТЕРАТА „ЧЕРЕП“, с. ТАЈМИШТЕ 93
С. Ивановска Велкоска

археолошки рекогносцирања

ОПШТИНА ВИТОЛИШТЕ, МАРИОВО 105
А. Миткоски

CONTENT

8 **Preface**

archaeological excavations

16 **TREŠTENA STENA, v. MANASTIR**
A. Mitskoski

22 **VRBNIK IN LAKE OHRID**
V. Todorovska

28 **“MANASTIR” v. GABREVCI**
T. Nacec and Sekulov V.

38 **STIBERA, v. ČEPIGOVO**
structure – Workshop and Sanctury
D. Temelkoski

45 **STIBERA, v. ČEPIGOVO**
structure – Bouleuterion
D. Temelkoski

52 **“DRMA - BADER”**
B. Angelovski, D. Spasova, I. Stančevski and Denkovski K.

60 **The BELATA ZEMJA - TRNČE**
D. Gerasimovska, S. Karpuzova and Petrov O.

70 **GRADIŠTE, v. DEBREŠTE**
B. Atanasoski

78 **CRKVIŠTE, v. KOREŠNICA**
O. Petrov

83 **CAREVI KULI SITE – STRUMICA**
D. Cvetanov

91 **The EMINBEY TOWER, KRATOVO**
S. Ivanovska Velkoska

103 **THE CHEREP CAVE, v. TAJMIŠTE**
S. Ivanovska Velkoska

archaeological surveys

114 **MUNICIPALITY OF VITOLISTE, MARIOVO**
A. Mitkoski

антрополошки анализи

„КАЛЕ“ - СТРЕЗОВ ГРАД, с. ЧЕЛЕВЕЦ 115
Ф. Велјановска

ЦРКВИШТЕ, с. КОРЕШНИЦА 127
Ф. Велјановска

конзервација и реставрација

СТИБЕРА, с. ЧЕПИГОВО 133
Сектор - Гимназион
К. Јованоски.

БАРГАЛА, с. ГОРЕН КОЗЈАК 141
објект Мала Терма
Т. Нацев

вариа

ХРОНОЛОШКИТЕ И ГЕОГРАФСКИТЕ ПАТИШТА НА **НАЈСТАРОТО НАСЕЛЕНИЕ НА ОХРИД** 147
П. Кузман

ПО ТРАГИТЕ НА ПРОСТОРНИТЕ И ВРЕМЕНСКИ ПАТЕШЕСТВИЈА, ТРАНСФОРМАЦИИ И МИРАКУЛИТЕ НА **ИКОНАТА БОГОРОДИЦА ТРОЕРУЧИЦА** 157
Е. Манева

ОБИД ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД СЛИКАНАТА ПРОГРАМА НА ПЕШТЕРНАТА ЦРКВА И ПАРАКЛИСОТ ОД БИГОРНАТА КАРПА ВО **ЗРЗЕВСКИОТ КУЛТУРЕН КОМПЛЕКС** 167
А. Василески

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПИЛОТ - ПРОЕКТОТ ГИС ЗА **АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ** 175
Х. Талевски

прикази

189 Ленче Јованова. ***Inventaria Archaeologica Personarum II : Скупи – Некрополи : Стории за истакнати личности според епиграфските и археолошките сведошства.*** Скопје : Каламус, 2015. 191
Е. Манева

193 ***Неолитот во Македонија: Нови сознанија и перспективи.*** уредници Љубо Фиданоски, Гоце Наумов. Скопје : Центар за Истражување на Предисторијата, 2016. 195
Н. Атанасоска

antropological perceptions

125 **“KALE” - STREZOV GRAD, v. ČELEVEC**
F. Veljanovska

131 **CRKVIŠTE, v. ČELEVEC**
F. Veljanovska

conservation and restoration

140 **STIBERA, v. ČEPIGOVO**
Sector – Gymnasium
K. Јованоски

146 **BARGALA, v. GOREN KOZJAK**
structure – Small Thermae
T. Nacev

varia

156 CHRONOLOGICAL AND GEOGRAPHIC ROUTES OF **OHRID'S OLDEST POPULATION**
P. Kuzman

165 FOLLOWING THE TRAILS OF PHYSICAL AND TEMPORAL ODYSSEYS, TRANSFORMATIONS AND MIRACLES OF **THE THREE-HANDED VIRGIN ICON**
E. Maneva

174 ATTEMPT TO RECONSTRUCT PART OF THE PAINTED PROGRAMME OF THE CAVE CHURCH AND THE CHAPEL OF EASE IN THE TRAVERTINE ROCK IN **THE ZRZE CULTURAL COMPLEX**
A. Vasileski

187 REPORT ON THE GIS PILOT-PROJECT ON **THE ARCHAEOLOGICAL SITE STOBI**
H. Talevski

reviews

Предговор

Кон крајот на 20 и првите децении на 21 век на територијата на Р Македонија се истражувани стотици археолошки локалитети. Едни се со назнака „капитални“, други плански, долгорочни и систематски ископувања, трети имаат статус на превентивни со заштитен режим заради инфраструктурни и земјени работи на теренот, дел од нив се наоѓани со стручно рекогносцирање, но има и такви кои сеуште се мета на нелегални трагачи чија цел е „скриено азно“ што ветува незаконска трговија.

Бројот на движните наоди се искачува на повеќе стотици илјади почнувајќи од огромниот студиски материјал до ексклузивните примери на врвни археолошки артефакти од сите етапи на човековата егзистенција на овие простори.

Археолошката документација, главно, педантно ги забележува податоците на нивното наоѓање. Медиумите, јавните гласила и социјалните мрежи речиси секојдневно објавуваат детали за овие откритија. Со тоа, до некаде се задоволуваат дневните интересирања на пошироката јавност меѓутоа, за научно фундираните статии, за анализи и расправи, за монографии и други референтни публикации потребни се повеќегодишни, макотрпни истражувања така што нивниот број објективно не може да соодветствува со новопронајдените материјали.

Археологијата не е и не смее да биде ефемерна манифестација. Рекогносцирањата, ископувањата, потоа конзервацијата и презентацијата на движните и недвижни објекти се дејствија кои ако не се верификуваат со соодветна стручна интерпретација пред јавноста губат од својата веродостојност. Тие неминовно се преторуваат (претвораат) во анахрони, усмени преданија а не во дел од глобалните хуманистички спознанија.

Како поук од овие трендови и од светските искуства се дојде до заклучок дека овие неповолни

Preface

Hundreds of archaeological sites have been researched on the territory of the Republic of Macedonia in late 20 and early 21 century. Some of them were called “capital” research, others planned, long-term and systematic excavations, still others have the status of preventive with a protective regime due to infrastructural and earth work on the ground, part of them were discovered through expert field surveys, however there are still some sites that are targeted by illegal diggers who are trying to find “hidden treasures” that suggests illegal trade.

The number of movable findings amounts to hundreds of thousands, from the huge amount of study material to exclusive examples of state-of-the-art archaeological artifacts from all stages of people’s existence in these areas.

Archaeological documents, mainly, keep pedantic records of data about their discoveries. Media, public outlets and social networks publish details about these discoveries almost daily. This somewhat satisfies the interests of the broader public, however, scientifically-based articles, analyses and debates, monographs and other reference publications require lengthy and vigorous research so that their numbers cannot objectively correspond with the newly discovered materials.

Archaeology is not and must not be an ephemeral occurrence. Surveys, excavations, then conservation and presentation of movable and immovable objects are actions which will lose their credibility if they are not verified with adequate expert interpretation before the public. They would undoubtedly transform into anachronistic oral legends and not into part of global humanistic insights.

These trends and global experiences lead us to believe that this unfavourable situation could be overcome by establishing a publication whose name Arheološki Informator (Archaeological Newsletter)

состојби можат да се надминат со формирање на гласило чие име „Археолошки Информатор“ само по себе ја објаснува намената и ја зацврстува оваа послаба алка во нашите професионални стремежи. Прелиминарни или претходни извештаи за третираните локалитети, издржани елаборации за ексклузивните наоди, рецензии за нова и провокативна стручна литература и други информации од областа на археологијата форматирани во куси но, содржајни известувања можат да бидат вистински вовед за натамошна по продлабочена работа на одделна археолошка проблематика. Имено, од разни причини, од непредвидливи прилики/неприлики ваквите текстови неретко остануваат како единствени, првични и меродавни соопштенија за извршените работи.

Веруваме дека на ваков начин многу млади истражувачи ќе се охрабрат да ги изнесат (презентираат) од прва рака резултати од своите активност, додека поискусните да ги сублимираат насобраните опсервации за некое свое видување или теза која кај нив созреала со текот на времето.

Со надеж дека оваа иницијатива ќе биде од полза за сите на списанието Археолошки Информатор му посакуваме долговечност, успех и добар прием во глобалната потрага за напредок на археолошката мисла.

10. 01. 2017

Од редакцијата

explains its purpose and strengthens this weak link in our professional endeavors. Preliminary or preceding reports on the treated sites, well-founded elaborations about exclusive finds, reviews on new and provocative reference publications and other information from the field of archaeology formatted in short, but substantial reports might be the proper introduction for further in-depth work on particular archaeological issues. Namely, due to various reasons and unforeseen circumstances, these texts often remain the only competent notifications about work that was carried out.

We believe that this would encourage many young researchers to present, first-hand, the results of their activities, while those with more experience to summarize their observations on a particular issue or thesis that has matured in their minds over time.

Hoping that this initiative would be beneficial for all, we want the Archaeological Newsletter to have a long life, be successful and well received in the global quest for progression of archaeological notions.

10.01.2016

The editorial board

ISSN 2545-4528 (print)
ISSN 2545-4536 (online)

Душко ТЕМЕЛКОСКИ

Duško TEMELKOSKI


АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТОТ
СТИБЕРА, С. ЧЕПИГОВО
ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ „ХРАМ ТИХЕ - СЕВЕРНО ПЛАТО“, ОБЈЕКТ - БУЛЕВТЕРИОН
(истражувања во 2014 и 2015 година)

ARCHAEOLOGICAL EXCAVATION ON THE SITE
STIBERA, V. ČEPIGOVO
RESEARCH FIELD “TYCHE TEMPLE – NORTH PLATEAU”, STRUCTURE – BOULEUTERION
(research in 2014 and 2015)

902.2 (497.775) “652”
903.2 (497.775) “652”

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Прилеп
duletem@yahoo.com






Во 2014 година, покрај на истражувачкото поле “Храм Тихе - јужна тераса”, во Стибера започнато е истражување и на просторот кој се наоѓа на околу 60 м северно од Храмот. Во овој простор определен како истражувачко поле “Храм Тихе - северно плато”, беа откриени остатоци од монументална градба со голема зафатнина (ил. 1). Се истражуваше и следната 2015 година, но за жал, понатамошни истражувања се можни само доколку биде позитивно решено барањето за експропријација на земјиштето кое е во приватна сопственост.

Беа поставени две сонди, со што се опфатени целосно или нецелосно следните квадрати : -В4, -В5, -В6, -В7, -Г4, -Г5, -Г6, -Г7, -Д3, -Д4, -Д5, -Д6, -Д7, -Ѓ3, -Ѓ6 и -Ѓ7. Ископувањето започна според стандардната методологија на ископување по откопи во рамки на истражуваните целини, но поради огромното количество на камења од рушевините, на места се пристапи кон ме-

In 2014, in addition to the research field at Tyche Temple – south terrace, in Stibera, a new research was launched in an area around 60 metres north of the Temple. In this area designated as research field Tyche Temple – north plateau, remains of a monumental construction with a big coverage (fig. 1) were discovered. The research continued in 2015, but unfortunately, further research will be possible only if the application of expropriation of the privately-owned land is approved.

Two probes were placed to fully or partially cover the following quadrants: -C4, -C5, -C6, -C7, -D4, -D5, -D6, -D7, -E3, -E4, -E5, -E6, -E7, -F3, F6 and F7. The excavation began in accordance with the standard methodology of digging in excavations in the frames of the researched wholes, but due to the huge quantity of rocks from the ruins, the method of cutting off the earth mounds was used in several places. This type of excavation did not have a negative impact on the profile pictures composed for the



Ил. 1 - *Булевтерион - основа (НУ Завод и музеј - Прилеп)*

Fig. 1 - *Bouleuterion - ground plan (NI Institute for protection of cultural monuments - Prilep)*

тод на отсекување на земјените насипи. Овој начин на ископување немаше негативен одраз врз оформување на профилните слики на истражуваниот простор. Сонда 1 се прошируваше со текот на истражувањата, следејќи го правецот на протегање на просторијата од градбата која беше дефинирана како западна, додека Сонда 2 со димензии 5 х 5 м беше поставена со цел откривање на дел од источната просторија на градбата.

Се откри поголем дел од западната просторија, со ѕидови градени од убаво делкани камени блокови, врзувани со варов малтер (ил. 2). Северниот и јужниот ѕид со ориентација СИ - ЈЗ, се истражија нецелосно, во должина од 11 м, односно 19 м. Измерена е средна ширина од 0,70 - 0,80 м. Од нивната надворешна страна се евидентираа засекувања на карпата со исполнет меѓупростор со земја полнетица. Целосно се откри ѕидот со ориентација СЗ - ЈИ и тоа во должина од 17,30 м кој бил заеднички за двете простории, односно тој бил внатрешен ѕид на градбата, па затоа имал помала

researched areas. Probe 1 expanded during the research and followed the length of the room in the building defined as western, while Probe 2, with dimensions 5 x 5 m, was placed in order to discover part of the eastern room of the construction.

A large part of the western room was uncovered, with walls built with nicely cut stone blocks bound with quicklime mortar (fig. 2). The north and the south wall with NE-SW direction were not researched completely, at a length of 11 and 19 metres respectively. The median measured width is 0.70-0.80 m. On the outer side there are cuts on the rock, while the space in between is filled with mud mortar. The SW-SE wall was completely uncovered to the length of 17.3 m. It was common for both rooms, in other words it was the interior wall in the building and thus has a small median width of 0.55 m. It was preserved to a maximum height of 2.15 m.

The interior side of the three walls was decorated



Ил. 2 - *Булевтерион - истражен дел од западната просторија во 2014 година*
(НУ Завод и музеј - Прилеп)

Fig. 2 - *Bouleuterion – part of the western room researched in 2014*
(NI Institute for protection of cultural monuments - Prilep)


средна ширина од 0,55 м. Беше сочуван до максимална висина од 2,15 м.

Трите ѕида од внатрешната страна биле декорирани во луксузна штуко декорација, нанесувана на малтерна подлога (ил. 3). Оваа декорација беше сочувана претежно во подолните партии. Со хоризонтална фуга (дебелина од 6,5 см.), а на висина од 0,40 м., декорираната површина била поделена на долно црвенообоено поле и горни правоаголни полиња премачкани со светлокремова боја. Овие полиња биле наизменично распоредени во своите две должини од 0,30 м. и 0,90 м. Нивната висина не можеше да се определи, со оглед на тоа што штуко-декорацијата беше отпадната во горните делови.

Подното нивó на просторијата било оформено од слој на набиена жолтеникава глина врз нивелираната карпа, премачкана со тенок црвеникав малтерен слој чии траги беа местимично откриени.

Веднаш покрај заедничкиот ѕид на двете простории, а од неговата страна кон оваа западна просторија, биле позиционирани четири мермерни жртвеници и подигната ниска платформа.

Пред платформата поаѓајќи од север, позициониран е првиот жртвеник со правоаголна форма и,



Ил. 3 – *Булевтерион - остатоци од штуко-декорација*
(НУ Завод и Музеј - Прилеп)

Fig. 3 – *Bouleuterion – remains of stucco decoration*
(NI Institute for protection of cultural monuments - Prilep)

with a luxurious imitation in stucco technique, applied on a mortar base (fig. 3). This decoration was mostly preserved in the lower sections. With a horizontal grout (6.5 cm thick), and at a height of 0.40 m, the decorated surface was divided into a lower, red painted square, and upper rectangular squares covered in light creamy colour. These squares were alternately placed in terms of their two lengths of 0.30 and 0.90 m. It was not possible to determine their height because of the fact that the stucco decoration had fallen off the upper sections.

The floor level of the room was made of a layer of packed down yellowish clay on a leveled rock, painted with a thin redish mortar layer, found in traces.

Immediately next to the common wall of the two rooms, towards this western room, there were four marble sacrificial tables and a low platform.

Before the platform, from a northerly direction, is the first sacrificial table with a rectangular form and a rectangular recipient, where calcinated remains of some organic matter were found (fig. 1.1). According to the chemical analysis, it is vegetable oil. Behind the platform there was a more massive sacrificial table with an approximately rectangular shape, comprised of two parts linked with iron connecting rods (fig. 1.2). In its eye-shaped recipient several bird bones were found. At a distance of

исто така правоаголен реципиент во кој беа евидентирани калцинирани остатоци од некаква органска материја во него (ил. 1, 1). Според извршени хемиски анализи станува збор за растително масло. После платформата бил поставен помасивен жртвеник со приближно квадратна форма, а кој се состоел од два дела поврзани со железни кланфи (ил. 1, 2). Во неговиот реципиент во вид на око беа пронајдени неколку животински коски од птици. На 0,65 м од него, е откриен еден дел од, веројатно, сличен жртвеник, но поставен попречно (ил. 1, 3). И пред самиот југоисточен агол на просторијата бил позициониран четвртиот жртвеник, по димензии и форма сличен на првиот, исто така со правоаголен реципиент (ил. 1, 4).



Ил. 4 – *Епиграфски споменик (НУ Завод и музеј - Прилеп)*

Fig. 4 – *Epigraphic monument (NI Institute for protection of cultural monuments - Prilep)*

Платформата со висина од 20 до 26 см и должина од 6,10 м, била конструирана од кршени камења врзувани со малтер, со тоа што фронтално позиционираните камења биле правилно обработени (ил. 1, 5). Таа фронтална страна била дополнително оформена и со ниска преграда од малтер со висина до 10 см. Максималната ширина на платформата изнесува 1,00 м. Каква намена имала не може да се каже. Над неа беше измерена константна висина на ѕидот од околу 0,90 м, што упатува на можна претпоставка дека во овој дел можеби бил преминот од западната во источната просторија. Во тој случај, врз платформата, веројатно, била подигната некаква скалеста дрвена конструкција, преку која се доаѓало во горната источна просторија. Но, кон оваа претпоставка не оди во прилог тоа што и овде ѕидот бил декориран во истата луксузна штуко - техника, односно доколку постоела некаква дрвена конструкција како премин, зошто тогаш би била нанесена декорацијата кога не би се гледала.

Фронтално пред платформата се откријаа четири дислоцирани мермерни наоди, фрагментарно сочувани, два архитектонски елементи и два епиграфски

0.65 m, part of most probably a similar sacrificial table was found, however it was placed diagonally (fig. 1.3). Before the south-east corner of the room there was the fourth sacrificial table, with dimensions and form similar to the first one, with a rectangular recipient as well (fig. 1.4).

The platform with a height between 20 and 26 cm and a length of 6.10 m was constructed of broken stones bound with mortar, where the frontally placed stones were carefully shaped (fig. 1.5). The frontal side was also shaped with a low mortar partition up to 10 cm in height. The maximum width of the platform is 1.00 m. Its purpose cannot be determined. The wall over it has a constant height of around 0.90 m, which suggests that this might have been the passage from the western to the eastern room. In this case, on the platform there was most probably some stair-like wooden construction used to reach the upper eastern room. However, the fact the wall here was also decorated with the same luxurious stucco technique counts against this assumption, i.e. if there had been some wooden construction used as a crossing, the decoration would not have been seen.

Four displaced marble findings, preserved in fragments, two architectural elements and two epigraphic monuments were discovered frontally to the platform. Just a small section of the inscribed area is preserved from one epigraphic monument, while the second one is preserved with the following dimensions: 0.72 x 0.46 x 0.38 (fig. 1.6). According to the inscription in Greek alphabet, it was erected by the city council (bouleuterion) and the people (demos) in honour of a prominent citizen named Flavius (fig. 4).

In the remainder of the researched area in the western room, several fragmented bodies and bases of a Roman-Doric row of marble columns were found. The

споменици. Од едниот епиграфски споменик беше сочуван само мал дел од натписното поле, додека вториот беше сочуван со димензии 0,72 x 0,46 x 0,38 м (ил. 1, 6). Според натписот на грчки алфабет, бил подигнат од страна на градскиот совет (булевтерион) и народот (демосот) во чест на виден граѓанин со име Флавиј (ил. 4).

Во останатиот истражен простор од западната просторија се откриени неколку фрагментирани тела и бази од римско - дорски ред на мермерни столбови. Двата масивни архитектонски елементи, едниот квадратна база - постамент (ил. 1, 7) и другиот аголен дел од венецот со декорација на дентикула и гејзон (ил. 1, 8), говорат за монументалноста на градбата.

Секако, специфична појава претставуваат неколкуте правоаголни и квадратни мермерни блокови, фланкирани во карпата која ја претставувала основата на подното ниво́ (ил. 1, 9). Биле така позиционирани да прават конструкција во форма на издолжена буква П, паралелна со платформата покрај внатрешниот ѕид на градбата. Во рамките на оваа конструкција се евидентираа и вдлабувања во карпата во кои биле позиционирани дислоцирани блокови. Квадратните блокови на горната површина имаа вдлабнувања за кланфи. Можеби врз нив биле прицврстени и вертикално поставени некакви споменици (скулптури) или архитектонски елементи.

Со Сонда 2 се откри мал дел од источната просторија на градбата, односно дел од нејзиниот северен ѕид во должина од 5,0 м. Измерена е неговата ширина од 0,70 м, а во висина беше сочуван, максимално до околу 1,25 м. Овој ѕид, како и заедничкиот ѕид на двете простории, но од оваа негова источна страна, завршувале со подни мермени цокли со висина од 0,25 м. Евидентирани беа мноштво оплатни ѕидни и подни мермерни плочки, декорирани со вегетабилна и геометриска орнаментика, а од архитектонска пластика вреден наод претставува мермерниот псевдокапител - коринтски стил (ил. 5). Можна ширина на просторијата би можела да биде околу 15 м, со оглед што на тоа растојание од откриениот нејзин северен ѕид се евидентира сосем мал дел од паралелен ѕид. Мошне значаен момент е констатацијата дека просторијата била со подно ниво́ повисоко за околу 0,90 мод она на за-

two massive architectural elements, one a square base – pedestal (fig. 1.7) and the other an angle of the cornice decorated with dentil and geison (fig. 1.8), speak about the monumentality of the building.

Distinctive occurrences are the several rectangular and square marble blocks, flanked in the rock that represented the foundation of the floor level (fig. 1.9). They were positioned in such a way as to form a construction in the shape of the elongated letter U, parallel with the platform by the inner wall of the construction. In this construction there were indentations in the rock where displaced blocks were positioned. The square blocks had indentations on their upper surface for connecting rods. It is possible that some kind of monuments (sculptures) or architectural elements were attached and vertically placed.

Probe 2 uncovered a small part of the eastern room in the building, more precisely part of its northern wall with a length of 5.0 m. Its measured width is 0.70 m, while it is preserved to a maximum height of 1.25 m. This wall, as well as the common wall of the two rooms, on its eastern side, ended with floor marble skirting of 0.25 m height. Numerous coated wall and floor marble tiles were found, decorated with vegetable and geometric ornaments, while a valuable finding of architectural plastics is the marble pseudo-capital – Corinthian style (fig. 5). The possible width of the room could be around 15 m, due to the fact that this is the distance where a very small part of a wall parallel to the discovered north wall was found. It is very significant that the floor level of this room is around 0.90 m higher than that of the western room.

Unfortunately, the research of this room and thus of the whole building, finished with the abovementioned findings. Sometime in the future, after the ownership and legal rights issues are solved with the land owners, the building remains to be fully uncovered, and thus confirm or deny our original assumption about its purpose.

The research uncovered rich movable archaeological material, which shows that the building existed in the period between 2nd century BC to early 3rd century. Numerous findings of fragmented ceramic bowls were recorded, as well as several earthen pyramid and kidney-shaped

падната просторија.

За жал, истражувањата на оваа просторија, а со тоа и на целата градба, завршија со овие наведени сознанија. Останува во некое подобро идно време, по решавање на имотно-правните односи со имателите на парцелите, со нови истражувања да се дооткрие целосно градбата, а со тоа да се потврди или негира нашата првична претпоставка за нејзината намена.

Со истражувањата е откриен богат движен археолошки материјал, кој го датира егзистирањето на градбата во периодот од II век ст.е. до почетокот на III век. Евидентирани се мноштво наоди на садова фрагментирана керамика, неколку земјени пирамидални и бубрежести тегови, како и делови од железни механизми за заклучување и мноштво клинци. Пронајдени се неколку бронзени монети: две од македонските автономни градови, една псевдоавтономна емисија на градот Стоби од времето на Веспазијан и еден антониниjан од III век.



Ил. 5 - *Булевтерион - декоративна архитектонска пластика (НУ Завод и музеј - Прилеп)*

Fig. 5 - *Bouleuterion – decorative architectural plastics (NI Institute for protection of cultural monuments - Prilep)*

Секако, мошне вредни се наодите на мермерна антропоморфна пластика: скулптура на виден граѓанин со свиток во левата рака, откриена покрај јужниот ѕид од западната просторија (ил. 6), долен дел од статуа на маж кој стои покрај низок полустолб и неколку фрагменти од човечки тела - дланка, рамо и надлактица.

Во непосредна близина на платформата, покрај заедничкиот ѕид во западната просторија, во подебел слој на гареж откриена е група од вкупно 14 железни стрелки со квадратен пресек. Можеби со нив биеле и ја опожариле градбата воинствените Херули или Готи, за

weights, parts of iron locking mechanisms and multiple nails. Several bronze coins were found: two from the autonomous Macedonian cities, one pseudo-autonomous emission of the town of Stobi from the time of Vespasian and one Antoninianus from 3rd century.

The findings of marble anthropomorphous plastics are quite valuable: a sculpture of a prominent citizen with a scroll in his left hand, discovered by the southern wall of the western room (fig. 6), the lower part of a statute of a man standing by a low semi-column and several fragments of human bodies – hand, shoulder and humerus.

In the immediate vicinity of the platform by the common wall in the western room, a group of a total of 14 iron arrows with a square cross-section was discovered in a thick layer of grime. They might have been used to burn down the building by the belligerent Herules or Goths, who according to written ancient sources, destroyed Roman towns, including Stibera, during their raids in the years 267-8. The bronze coins of Constantine I and Constantius II are most probably single findings from the period when the building was no longer in use.

The huge area that the building covers, the massive representative marble architectural elements, the interior sacrificial tables and the luxurious decoration with marble panels and stucco technique on the walls, suggest that this was a public building. Due to the incomplete research, its character can only be surmised. Does the epigraphic monument that mentions the city council mean that this important administrative institution – bouleuterion, was discovered? Maybe the sculpture of a

кои во антички пишани извори дознаваме дека во 267-8 година при своите походи ги рушеле римските градови, вклучително и Стибера. Бронзените монети на Константин I и Константиј II, веројатно, претставуваат единечни наоди од времето кога градбата повеќе не била во функција.

Огромната површинска зафатнина на градбата, масивните репрезентативни мермерни архитектонски елементи, ентериерните жртвеници и луксузната декорација со мермена оплата и штуко - техника на ѕидовите, секако, упатуваат на јавен објект. Нецелосните истражувања оставаат само да претпоставуваме за неговиот карактер. Дали епиграфскиот споменик во кој се споменува собранието на градот значи дека е откриена оваа значајна административна институција - булевтерион? Можеби скулптурата на видниот граѓанин со свиток во едната рака е претстава на некој висок административец на Стибера. Дали тое е претстава можеби на споменатиот во натписот Флавиј?



Фотографии Д. Темелкоски,
Цртежи К. Јованоски

Ил. 6 - *Скулптура на виден граѓани*
(НУ Завод и Музеј - Прилеп)

prominent citizen with a scroll in one hand represents a senior official in Stibera's administration. Could this be a representation of Flavius, mentioned in the inscription?

Fotos by D. Temelkoski,
Drawings by K. Jovanovski

Fig. 6 – *Sculpture of a prominent citizen*
(NI Institute for protection of cultural monuments - Prilep)